**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр.5, 1000 Скопје** | тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel.**02/3218 130** faksi.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. ____________
_______________2023 година
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
**од 453-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија**

**Скопје, септември, 2023 година**

Седницата се одржа на ден 06.09.2023 година – среда во салата за седници со почеток од 11,30 часот.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател Член на Советот
- **Антоанета Димовска**, Член на Советот
- **Мери Радевска**, Член на Советот
- **Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Мирсад Сурои**, Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, и Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот

Оправдано отсутни членови:

- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)* - член на Советот по функција,
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд *(уредно поканета)*– член на Советот по функција и
- **Весна Дамева**, Член на Советот, *(оправдано отсутна)*;
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот*(оправдано отсутна)*.

Присутни од стручната служба:

- **ВеснаТолева**, ВД Генерален секратар
- **м-р Сања Спиридонова**, Помлад соработник
- **Александра Шоптрајанова,** самостоен референт

Седницата е отворена за јавноста и на истата присуствуваа:

- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**
- Претставник **од Институт за човекови права**
- Поширока јавност- медиуми

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев, откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.

Во продолжение откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 453-та седница.

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Донесување на Одлуки за времено упатување на судии за вршење на судиската функција во друг суд и

2. Разно

Претседателот на Советот отвори дискусија по однос на предложениот дневен ред, па откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор го стави на гласање. Се констатира дека со 10 гласа ,,ЗА“ и ниту еден глас ,,ПРОТИВ“ предложениот Дневен ред е едногласно усвоен.

Во прололжение појасни за причините поради итната седница. Имено, како што наведе има состојби со недостаток на судии, односно намален број во основните судови, а со оглед на тоа што на 01.09.2023 година академците дадоа свечена изјава кои се избрани на 05.07.2023 година, а истите се избрани во основните судови, додаде дека имајќи го предвид фактот дека истите ќе бидат задолжени со предмети и работни активности, а има потреба од делегирање Советот одлучил да дел од новоизбраните академци се делегираат првично каде е направена анализа од страна на Советот за онаму каде е најнужна потребата .

**Точка 1**

**Донесување на Одлуки за времено упатување на судии за вршење на судиската функција во друг суд**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** ја отвори првата точка од Дневниот ред. Наведе дека согласно чл.39 ст.9 од Законот за судовите е предвидено дека по исклучок судија на апелационен и на основен суд може да биде времено упатен, но најдолго за време од една година да суди во суд од исти степен или во понизок суд, или од еден во друг специјализиран оддел кога постои спреченост, изземање на судија или заради значителен обем на работа на судот, намалена ажурност или поради сложеност на предмети е доведено во прашање тековното работење на судот, но не повеќе од еднаш во текот на пет години. Се повика на ст.10 од истиот член, каде е предвидено дека временото упатување на судија од ставот 9 го врши Судскиот совет на РСМ со писмено образложена одлука и за тоа веднаш се известува претседателот на

судот од кој се упатува, како и претседателот на судот во кој времено се упатува судијата. Поради ова дополни дека била формирана Комисија од Судскиот совет која вршела целосна анализа за потребите, интервентни, нужни, итни потреби, поконкретно со извршена анализа во повеќе судови, а имајќи ги предвид податоците со бројот на судии, како и бројот на предмети во судовите, па во продолжение му даде збор на известителот на Комисијата – членот на Советот  Антоанета Димовска.

**Членот на советот –м-р Антоанета Димовска,** како известител на Комисијата истакна дека работната група сочинета од членовите на Советот, судијата Мери Радевска и судијата Мирсад Суроји и таа како член – претседател на истата одржала работен состанок на 31.08.2023 година и на 04.08.2023 година со цел да се видат потребите за делегирање, во кој суд да се делегира, појасни дека алармантна е состојбата во сите судови, но најпрво во кој судови е најопходно делегирање. Тоа укажува дека ќе има потреба и од други делегирања. Како Комисија размислувале кој критериум да го земат со цел да се спроведе делегирањето. Истакна дека кога колегите давале заклетва им посочиле дека ќе мораат да бидат делегирани, па дури и укажале да ако сака некој може доброволно да се јави, но дека ќе ги имаат како Комисија во предвид сите аспекти, но одлучиле дека единствен заеднички именител се бодовите. Ова предвид да личните, семејните прилики кај секој се различни и секому неговите лични и семејни прилики му се најтешки или најлесни, па од таа причина ценеле дека единствен објективен критериум се освоените бодови на секој од нив. Истака дека сепак се работи за нијанси, 1 бод, 0,5 бода и сите кандидати се добри, па се одлучиле делегирањето да го направиме согласно со освоените бодови, односно оние кои се подолу на листата да бидат делегирани. Одлуката била да се делегираат 3 од Основниот кривичен суд Скопје, 4 од Основниот граѓански суд Скопје, 2 од Основен суд Струмица, 1 од Основен суд Битола.  Откако како Комисија се договориле за сето погоре изнесено пристиглане 3 барања од колеги во кои ги изнесуваат причините поради кои не би требало да бидат делегирани. Имено Фросина Стојановска од Основен кривичен суд Скопје изложила дека има 9 годишно дете кое ја започнало училишната година во училиште во Скопје, каде е инклудиран во училишната средина, па со оглед на нивната семејна состојба единствено таа и сопругот се грижат за детето, а далечината би и била пречка, со оглед на тоа повеќе да биде вклучена во воспитувањето и одгледувањето на детето, а истата доставила и извештај од логопед. Во продолжение ја истакна и молбата од колешката Маја Каталиниќ која облазложила дека во брак и дека сакаат да се остварат како родители со сопругот, воедно доставена и молба од колегата Кирил Георгиев кој истакна да доколку биде делегиран изјавил желба дека би сакал да биде делегиран во Берово. Во продолжение членот на Советот Антоанета Димовска дополни дека ги разгледале сите овие барања, меѓутоа ценеле дека мораат да се доследни на овој критериум и по истиот да се водат, бидејќи утврдиле дека не постои друг заеднички именител по кој би можеле да

направат ранг листа за делегирање. На укажување на членот на Советот м-р Селим Адеми, членот на Советот Антоанета Димовска дополни дека Пајтим Машкули – судија избран од редот на академците доставил договор за купување на стан, па за секоја промена на адресата на живеење треба да ја извести банката, но Комисијата цени дека истото не влијае, бидеќи ако биде делегиран нема да ја промени адресата на живеење, туку ќе го промени престојувалиштето и тоа не може да влијае на неговата обврска кон банката и истото не може да биде причина за раскинување на договорот кој судијата го склучил со банката.

Во продолжение го истакна следниот предлог на Комисијата.Согласно со овој принцип комисијата предлага да се изврши делегирање во времетраење од 1 година сметано од 06.09.2023 година до 06.09.2024 година на следните кандидати во следните судови:

1. Во ОС Берово да се делегира судија Билјана Иванова избрана во ОС Струмица;
2. Во ОС Делчево да се делегира судија Костадин Ѓорѓиев од ОС Струмица;
3. Во ОС Кичево да се делегираат судиите Ахмед Идризи од Основен кривичен суд и Андреа Апостолска Малиновска од Основен Граѓански суд Скопје;
4. Во Основен суд Куманово да се делегира судија Маја Каталиниќ од Основен граѓански суд Скопје;
5. Во Основен суд Прилеп да се делегираат судиите Кирил Георгиев од Основен кривичен суд Скопје, Фросина Стојаноска од Основен кривичен суд Скопје и Иван Колевски од Основен суд Битола;
6. Во Основен суд Струга да се делегираат судиите, Пајтим Машкули од Основен граѓански суд Скопје и Јордан Јованов од Основен граѓански суд Скопје.

Членот на Советот м-р Антоанета Димовска додаде дека е точно дека имале доброволец, односно колегата Кирил Георгиев кој се обрати со молба, за ОС Берово. Но сметале дека треба да се делегираат судии избрани во ОС Струмица бидејќи тие се најблиску со местото на живеење. А Кирил Георгиев е со живеалиште во Скопје, па сметале дека е најцелисходен горенаведениот предлог. Дополни дека е вистина дека секој од кандидатите ќе има своја причина зошто тој не би требало да биде делегиран, но тоа е предлогот на Комисијата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** ги повика останатите членови доколку имаат нешто да дополнат или да се произнесат по овој предлог.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** кој ја поздрави работата на Комисијата и дадениот предлог и смета дека е добар основот кој е појдовна точка за предлогот. Истака дека истиот ќе го поддржи, но со оглед на тоа што еден од кандидатите се јавил како доброволец истиот смета дека треба да се најде начин неговата желба и спремност да биде делегиран да се излезе во

пресрет. По однос на кандидатот Кирил Георгиев избран во Основен кривичен суд Скопје, но е со потекло од Струмица, па може да биде поблиску до еден од овие судови. Но со оглед на фактот дека во Берово има кандидат, предложи да ако не може во Берово, да биде делегиран во Делчево, а кандидатот предложен да се делегира во Делчево да биде делегиран во Прилеп.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** потврди дека е точно дека колегата на изразил спремност да оди во ОС Берово, но смета дека треба да бидат објективни, но колегата од Струмица предлагаат да биде делегиран во Делчево. Колегата К.Георгиев точно е дека има семејна релација со Струмица, но истиот има пријавено живеалиште во Скопје, ако тој од Струмица се делегира во Прилеп неговото патешествие ќе е поголемо, па смета дека е поприродно тој од Струмица да оди во Делчево.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** истакна дека комисијата се потрудила да најде заеднички именител, како заеднички принцип по кој ќе може да ги предлага делегирањата. Смета дека има размислување во насока на добиените дописи од двете колешки М.К. и Ф.С. По однос на истото, а поаѓајќи од бодовите кои ги имаат добиено кандидатите се тргнало од оние со помалку бодови во однос на другите и така е направена предлог листата. Имајќи го сега предвид фактот дека нијансите во бодовите се мали,а веќе од овие две колешки има изнесено причини поради кои бараат да не бидат делегирани смета дека од човечки аспект, а со оглед на тоа што на сите колеги е најавено дека ќе има делегирања со оглед на состојбата во судовите, ако не опфатен со ова делегирање ќе бидат опфатени во нареден период, па во таа насока смета дека можеби посоодветно да се излезе во пресрет на овие две колешки со оглед на изнесените причини и да се оставаат во нареден период за делегирање, предлогот е даден од човечкиот аспект.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** потврди дека човечкиот аспект е најважен, лично не е против но смета дека на тој начин ќе се наруши принципот. Истакна дека од човечки аспект и е жал, особено што некои ги познава и лично и им ги знае семејните – лични прилики, а притоа решава да ги делегира, но смета дека целата објективност би паднала во вода и ќе се јават и останатите колеги, сите имаат лични причини и се млади луѓе. Нијансите додаде дека се мали, но од некој критериум мора да се почне и изрази дека ги респектира сите мислења и забелешки.

**Членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека целосно се согласува со колешката Тања и истото го имал во предвид, се зборувало и за семејни и лични причини, но се раководеле по други принципи и сакале до крај да бидат доследни, бидејќи ако се почне од лични и семејни причини и прилики секој од кандидатите ќе има некоја причина зошто да не биде делегиран. Па во таа смисла како најсоодветен критериум по кои се раководеле се бодовите согласно доставената ранг листа и на тој начин е даден предлогот.

За збор се јави и **Членот на Советот м-р Ивица Николовски** кој изрази задоволство и даде поддршка на работната група, па дополни дека навистина е дека е чувствително прашање кое опфаќа поширока сфера и во професионалниот и во семејниот однос, посветено е многу време на ова прашање и земени се предвид сите потреби, критериуми, околности и ситуации на кој начин да се направи пристап. Направи ретроспектива и дополни дека било кое субјективно или објективно прашање по однос на оваа точка е исцрпено и смета дека нема потреба од понатамошни дискусии бидејќи тоа ги прави неефикасни. Потсети дека се формираала работна група кадешто точно ќе се детектира потребата знаејќи ја состојбата на недоволен број на судии. Потребата била детектирана и согласно потребите распишан е и оглас, а новите академци не изјавиле желба да аплицираат токму за оние места кадешто најмногу има потреба. На академците им било најавено дека ќе има потреба од делегирање и се уважила нивната желба да бидат избрани онаму каде што конкурирале. На истите им било најавено дека треба да се одважат и да дадат свој придонес во надминување на состојбата со недостаток на судии. Оставен им бил и рок да секој од нив размисли и го извести Советот. Смета дека Комисијата објективно постапила кон вакво чувствително прашање. По однос на дополнително доставените поднесоци, смета дека и кај останатите колеги постојат такви или слични околности. Истакна дека тој лично е судија со 20 годишно искуство и во повеќе наврати бил делегиран – 4 пати, а патува 20 години, но смета дека има размена на искуства, треба да бидат ефикасни според негово мислење и предлогот е издржан и предложи да се пристапи кон негово усвојување.

За збор се јави и **Членот на Советот Мери Радевска** која дополни дека кога се давале заклетвите, а и после тоа пробале да обезбедат податоци за семејната состојба – прилики на колегите за да може по тој принцип да се изврши делегирање, меѓутоа не се успеало до крај и дошле во ситуација колеги кои имаат најповеќе бодови изразиле желба и се примени во судовите кадешто се јавиле на огласот. Затоа сметале дека најобјективен принцип е ако се земе бројот на бодови. По однос на патувањето од Струмица до Прилеп е многу тешко и нема директна линија и е голем проблем за некој од Струмица да оди во Прилеп. Смета предлогот дека е коректен.

**Членот на Советот Мирсад Суроји** во продолжение дополни дека како претседател на Комисија при интервју на сите кандидати биле прашани дали го имале во предвид фактот дека освен судот во кој конкурирале биле свесни дека може да бидат делегирани и во друг суд и сите биле согласни.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** појасни дека од принципиелни причини нема да навлегува и ќе го поддржи предлогот на комисијата, а на работниот состанок не бил присутен, смета дека академците знаеле дека ќе бидат делегирани, но бидејќи во овој момент не се делегираат сите само неколкумина затоа и е реакцијата.

За збор се јави и **Членот на Советотм-р Ивица Николовски** дополни дека многу судии има кои го години патуваат и се одвоени од семејствата, но состојбите се такви и истото може да се надмине бидејќи се работи за година дена.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека никој повеќе не се јави за збор и во продолжение пристапи кон поединечно гласање за секој суд по предлогот на Комисијата за делегирање.

Се констатира дека со 10 гласа ,,ЗА" и ниту еден против - едногласно се донесоа следните

**ОДЛУКА**

**Билјана Иванова,** судија на Основен суд Струмица, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Берово, сметано од 06.09.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

**ОДЛУКА**

**Костадин Ѓорѓиев,** судија на Основен суд Струмица, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Делчево, сметано од 06.09.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

. **ОДЛУКА**

**Ахмед Идризи,** судија на Основен кривичен суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Кичево, сметано од 06.09.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

**ОДЛУКА**

**Андреа Апостолска Малиновска,** судија на Основен граѓански суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Кичево, сметано од 06.09.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

**ОДЛУКА**

**Маја Каталиниќ,** судија на Основен граѓански суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Куманово, сметано од 06.09.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

**ОДЛУКА**

**Кирил Георгиев,** судија на Основен кривичен суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп, сметано од 06.09.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

**ОДЛУКА**

**Фросина Стојаноска,** судија на Основен кривичен суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп, сметано од 06.09.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

**ОДЛУКА**

**Иван Колевски,** судија на Основен суд Битола, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп, сметано од 06.09.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

**ОДЛУКА**

**Пајтим Машкули,** судија на Основен граѓански суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Струга, сметано од 06.09.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

**ОДЛУКА**

**Јордан Јованов,** судија на Основен граѓански суд Скопје, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Струга, сметано од 06.09.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

**Разно**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** ја отвори 2-рата точка од Дневниот ред, точка Разно. Истакна од страна на членот на Советот Мирсад Сурoји е доставено барање со прилог докази по однос на надоместокот за закупнина на стан. Додаде дека смета дека се исполнети законските услови за правото на надоместок на закупнина на стан бидејќи има приложено анекс кон договорот кој веќе го користи од претходно, има изјава заверена кај нотар дека не поседува недвижен имот – стан во Скопје, како и примерок копија од лична карта.

Отвори дускусија по однос на оваа точка од дневниот ред.

За збор се јави и **Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** која потенцира дека не знае дали е направен превид во материјателите до кои има пристап или и другите членови немаат, меѓутоа го нема основниот договор, не

е ставена закупнината. Смета дека треба да бидат ставени во прилог основниот договор кадешто е износот на закупнината.

За збор се јави и **Членот на Советот Мирсад Сурոји** појасни дека го има во службата и за истото секоја година се гласа.

За збор се јави и **Членот на Советот Миљазим Мустафа** кој се надоврза и појасни дека колегата Мирсад користи веќе 2 или 3 година закупнина.

За збор се јави и **Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** додаде дека сака да види, бидејќи и во изјавата не е даден износот.

За збор се јави и **Членот на Советот Ханиф Зендели** кој појасни дека ако веќе има анекс-договор и доколку не е наведен друг износ, тој износ останува.

За збор се јави и **Членот на Советот Мирсад Сурոји** додаде дека има промена само во периодот не и износот на закупнината

За збор се јави **ВД Генералниот секретар на Советот Весна** Толева која појасни дека во текот на вчерашниот ден извршила проверка и притоа констатирала дека износот на закупнината е ист односно 17.000,00 денари.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** побара службите да го достават договорот за колешката член на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска истиот да го има на увид.

Се констатира дека членот на Советот Мирсад Сурոји ја напушти седницата во 12,20 часот.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е прибавен основниот договор за закупнина и истиот е доставен на увид. Истиот е склучен 08.10.2020 година помеѓу Ридван Дервиши од Куманово и Мирсад Сурոји од Куманово. Основниот договор за закуп кој што е заверен кај нотар е со износ 17.000,00 денари- месечна закупнина во член 3 е уредено истото.Во продолжение преседателот на Советот откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас повеќе не се јави за збор, го стави на гласање предлогот за утврдување на право на закупнина на членот за Советот Мирсад Сурոји.Се констатира дека со 9 гласа ,,ЗА“ и ниту еден ,,ПРОТИВ“ едногласно е донесена следната

**ОДЛУКА**

На Мирсад Сурոји, член на Судскиот совет на Република Северна Македонија му СЕ ПРИЗНАВА правото на надоместок за закупнина на стан, сметано од 09.09.2023 година, заклучно со 09.09.2024 година.

Висината на надоместокот на закупнина на стан за горенаведениот период изнесува 17.000,00 денари месечно.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и седницата е завршена во 12.30 часот.

Се напоменува дека тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ**

**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**Сашко Георгиев**

Изработил: м-р Сања Спиридонова

Одобрил: Весна Толева